Уп. бр. 08-89

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЛТА ГРОУП ДОО Београд, со седиште на адреса Угриновачка 212, локал бр. 1, Земун-Белград, Србија,, преку Мартин Иванов, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 19.06.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која АЛТА ГРОУП ДОО Београд, со седиште на адреса Угриновачка 212, локал бр. 1, Земун-Белград, Србија, ќе стекне контрола над СТОПАНСКА БАНКА А.Д. Битола со седиште на адреса Добривое Радосављевиќ бр.21, Битола, Република Северна Македонија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 23.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од АЛТА ГРОУП ДОО Београд, со седиште на адреса Угриновачка 212, локал бр. 1, Земун-Белград, Србија, со која АЛТА ГРОУП ДОО Београд ќе стекне контрола над СТОПАНСКА БАНКА А.Д. Битола со седиште на адреса Добривое Радосављевиќ бр.21, Битола, Република Северна Македонија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

АЛТА ГРОУП ДОО Београд е компанија специјализирана за услуги во платниот промет, која врши деловни активности на пазарот воСрбија со најголема мрежа на уплатни места. Таа е матично друштво кое ги обединува, меѓу другото, и поврзаните друштва АЛТА БАНКА АД Београд и ПРОЦООПАЦ ДОО Београд, друштво со седиште во Белград и регистрирано за изградба на станбени и нестанбени згради

Основни дејности на АЛТА БАНКА АД Београд се вршење на платен промет во земјата и во странство, кредитни работи, депозитни работи и купопродажба на девизи. Останатите активности опфаќаат издавање гаранции, отворање акредитиви и други банкарски услуги додека преку поврзаното друштво АЛТА ЛЕАСИНГ ДОО Београд, АЛТА БАНКА АД Београд ги проширува своите активности и во областа на лизинг.

АЛТА ГРОУП ДОО Београд и неговите поврзани друштва не се присутни во Северна Македонија и немаат остварено приход во Северна Македонија.

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. Битола е една од регионалните комерцијални банки на македонскиот пазар со долга историја на деловна активност и силно присуство во областа на финансиските услуги, вклучувајќи прибирање депозити, одобрување кредити, платен промет, електронско банкарство и други придружни банкарски активности.

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА ги има следните поврзани лица кои се регистрирани во Северна Македонија:

1. АМЕРИКАНСКА СТОПАНСКА КОМОРА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Стопанска Интересна Заедница, со седиште на субјектот на Максим Горки бр.11, Скопје и со приоритетна дејност – дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.;
2. Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје, со седиште на субјектот на Орце Николов бр.75, Скопје и со приоритетна дејност – дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.;
3. Друштво за трговија и услуги ПЕЛАГОНИЈА ФАЈНАНС ДОО Скопје – во ликвидација, со седиште на субјектот на Македонија бр.38, Скопје и со приоритетна дејност управувачки дејности.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**